РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 19-9913/1
03-06-2014 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), министерот за образование и наука донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ФОРМИРАЊЕ НА РАБОТНА ГРУПА ЗА ИЗРАБОТКА НА НАЦИОНАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКАТА РАМКА ЗА КВАЛИФИКАЦИИ СО ЕВРОПСКАТА РАМКА ЗА КВАЛИФИКАЦИИ

1. Со ова решение се формира Работна група за изработка на Национален извештај за поврзување на Македонската рамка за квалификации со Европската рамка за квалификации, во следниот состав:

| | | |
|---|---|---|
| - Аспасија Хаџишче | Министерство за образование и наука | Координатор |
| - Наташа Јаневска | Министерство за образование и наука | Член |
| - Борчо Алексов | Министерство за образование и наука | Член |
| - Нада Стојменова | Министерство за образование и наука | Член |
| - Елизабета Бахтовска | Универзитет Св. Климент Охридски Битола | Член |
| - Лилјана Колева Гудева | Универзитет Гоце Делчев Штип | Член |
| - Замир Дика | Универзитет на Југоисточна Европа | Член |
| - Ласте Спасовски | Центар за стручно образование и обука | Член |
| - Маја Крстевска | Центар за образование на возрасните | Член |
| - Тања Шестовиќ | Агенција за вработување на Република Македонија | Член |
| - Рајмонда Незири | Биро за развој на образованието | Член |
| - Лирие Реџепи | Државен испитен центар | Член |
| - Мирјана Насковска | Државен просветен инспекторат | Член |
| - Дејан Златковски | НАОПЕМ | Член |
| Александар Ристески (проф. на ФЕИТ) | Одбор за акредитација и евалуација на високото образование | Член |
| Соња Ристовска | директор на АСУЦ | Член |
| Кирил Спироски | Унија на студенти | Член |
| Светлана Ристова | Организација на Работодавачи | Член |
| Оливија Штерјова | Занаетчиска Комора | Член |

2. Работната група од точка 1 на ова Решение има задача да:

- да собира и обработува податоци за квалификацискиот систем во нашата држава;
- да собира информации за образовниот систем во нашата држава;
- да собира информации за неформалното образование и обука;
- да собира информации за системот за валидација на формалното, неформалното и информалното образование и обука;
- да изработи опис на националниот систем за квалификации, вклучувајќи насоки, пристап, процена, сертифицирање, обезбедување на квалитет врз основа на добиените податоци и информации;
- да изработи опис на Националната рамка за квалификации, вклучувајќи карактеристики на дизајнот, цели, функции, фаза на развојниот процес, врз основана добиените податоци и информации;
- да изработи опис на процесот на донесување на Рамката за високообразовни квалификации, вклучувајќи карактеристики на дизајнот, цели, функции, фаза на развојниот процец, врз основана добиените податоци и информации;
- да изработи информации за системот на валидација на неформалното и информалното образование и обука;
- да изработи основни информации за процесот за подготовка на Извештајот за поврзување и процесот за поврзување;
- да го изработи Извештајот за процесот на самосертифицирање на Класификациската рамка на ЕНЕА, кој ќе стане составен дел на Националниот извештај за поврзување на македонската рамка на квалификации со европската рамка на квалификации, преку исполнување на критериумите и постапките за самосертифицирање;
- да го изработи Националниот извештај за поврзување на македонската рамка на квалификации со европската рамка на квалификации преку исполнување на критериумите и постапките за за поврзување на македонската рамка на квалификации со европската рамка на квалификации
- да учествува во целиот процес на поврзување на македонската рамка на квалификации со европската рамка на квалификации и да дава информации за идните чекори, вклучувајќи и предизвици.

3. Работната група треба најдоцна до 30 септември 2014 да го подготви и до министерот за образование и наука да го достави Националниот извештај за поврзување на македонската рамка на квалификации со европската рамка на квалификации

4. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

МИНИСТЕР,
Спиро Ристовски

Доставено до:

- членовите на Работната група
- именуваните
- архива

Изготвил: Милка Масникоса